Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 27 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 27 август 2024 година**

Седницата започна во 12 : 35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Perински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Саша Станчевски, државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје Скопје и Кујтим Ибиши, директор на Управата за финансиско разузнавање.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за подготовка на Нацрт реформска агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 27.8.2024 година, со прилози

2. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и втора одлука)

3. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и деветта одлука)

4. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесетта одлука)

5. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Кичево-Охрид)

6. Информација за потребата од промена на опфатот во Секција 2 (Гостивар - Букојчани), преку искористување на државно земјиште во полза на приватни парцели, со цел намалување на времето и трошоците потребни за спроведување на постапката за експропријација за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани)

7. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна установа Специјален завод – Демир Капија)

8. Информација за добивање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - академик Илија Васков-Скопје)

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основен суд Куманово)

10. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2023 година (ДП бр.02-485/1)

11. Информација за активностите на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам во текот на петтиот круг на евалуација на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам на Република Северна Македонија од страна на Комитетот Moneyval при Советот на Европа и Акциски план за реализирање на препораките од Извештајот од петтиот круг на евалуација, усвоен во мај 2023 година

12. Предлог-уредба за формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци, постапката, начинот и роковите на доставување на информациите за податоците од страна на субјектите во националната инфраструктура на просторни податоци

13. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на НУ Национална опера и балет – Скопје

14. Годишна сметка за 2023 година, Годишен извештај за работењето на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2023 година, Годишен извештај за работа на внатрешна ревизија за период од 1.1.2023-31.12.2023 година и Извештај за резултати од контрола на Надзорен одбор над управувањето со АД Аеродроми на Република Северна Македонија

15. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, за склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот солемнизиран под ОДУ бр.2005/2023 од 7.9.2023 година, за продолжување на рокот за исплата на заем, склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог – одлуки

16. Програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година, со Предлог – одлука

17. Информација во врска со склучен Договор за пренесување на правото за градење со намена на деловни простории за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје

18. Годишна пресметка за 2023 година и Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2023 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

19. Предлог – одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија)

20. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Аеродром

21. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Велес)

22. Предлог-одлука за давање на согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на Општина Кавадарци

23. Информација во врска со потребата од набавка на противпожарни возила, уреди, опрема и средства за гаснење на пожари

24. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Епсотек МК ДООЕЛ Скопје

25. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии (КП бр.8624, КО Штип 4, запишани во Имотен лист бр. 74849), со Предлог-одлука

26. Информација за Нацрт годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2023 година, со прилози

27. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Коце Попов ул.„Методи Џунов Џико“ бр.20 Кавадарци, со Предлог-одлука

28. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство Агровиго ДООЕЛ со седиште на ул.Населено место без уличен систем Козјак Карбинци, со Предлог-одлука

29. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Денкови Даниел Стоиман Денков, со седиште на ул. „Драги Крупишки“ бр.14 Штип, со Предлог-одлука

30. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Салент Томислав Атанасов, с.Орел, Свети Николе, со Предлог – одлука

31. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Гетафер–Гене Илиев, ул. „Поглед“ бр.1, Свети Николе, со Предлог-одлука

32. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Даниела Доневска, ул.„11 македонска бригада“ бр.12, Свети Николе, со Предлог - одлука

33. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Коневи Ласте Конев, ул.„Крсте Мисирков“ бр.30, Свети Николе, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Антонио Велковски, ул.„Кузман Капидан“ бр.18, Свети Николе, со Предлог-одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Васка Николовска, ул.„Јане Сандански“ бр.55/14, Свети Николе, со Предлог-одлука

36. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Венцо Додевски, с.Милино, Лозово, со Предлог- одлука

37. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Снежа Нацева, ул.„Партизанска“ бр.1, Свети Николе, со Предлог – одлука

38. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Гордан Илиев, ул.„Питу Гули“ бр.102, Свети Николе, со Предлог – одлука

39. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ѓоко Стрезовски, ул. „29 Ноември“ бр.168, Ресен, со Предлог-одлука

40. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Спировски ул.„Коле Неделковски“ бр.26, Ресен, со Предлог-одлука

41. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Стојанчо Стојев ул.„Желковец“ бр.15, Кавадарци, со Предлог-одлука

42. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Рената Тасева ул.„Пере Тошев“ бр.34, Росоман, со Предлог – одлука

43. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Борис Ристов ул. „Вано Ташев“ бр.21, Неготино, со Предлог- одлука

44. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Зодани ДООЕЛ с.Кадрифаково, Свети Николе, со Предлог – одлука

45. Информација во врска со потребата за донесување на предлог - програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година и Предлог - уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка

46. Информација за потребата од донесување на предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, заради склучување Анекс бр.7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево–Охрид, со Предлог-закон

47. Информација за склучување на Меморандум за разбирање за соработка во дигитална трансформација помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „4iG Plc.“, со усогласен текст на Меморандум

48. Предлог на закон за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка

49. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор

50. Информација за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци

51. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Triglav Star 24“, во Република Словенија

52. Информација за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија за учество во Команда на Бригадата на Југоисточна Европа, со Предлог–одлука

53. Предлог – одлука за формирање на координативно тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините

54. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

55. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

56. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје (режиски трошоци)

57. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“, Битола (режиски трошоци)

58. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци)

59. Предлог – одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје (режиски трошоци)

60. Предлог – одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“, Скопје (режиски трошоци)

61. Предлог – одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година

62. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Поликлиника – Железара

63. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје

64. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип

65. Информација за потребата од воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот

66. Предлог – одлуки за претанок на користење на недвижни ствари (2), предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари (4) и предлог – одлуки за давање на трајно користење на недвижни ствари (2)

67. Статутарна одлука за измена на Статутот на МИТ Универзитет-Скопје

68. Иницијатива од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.102/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 33 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04), член 67 став 1 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/08) и член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19)

69. Иницијатива од Симо Трипуноски од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.102/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19)

70. Иницијатива од Петар Димитров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.89/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 21 став 1 алинеја 5 и ставовите 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24)

71. Иницијатива од Тони Андевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20)

72. Кадровски прашања

73. Прашања и предлози

74. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година, со дополнување и прилози

75. Извештај за работата на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 јануари 2024 година до 31 март 2024 година, со прилози

76. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, за прв квартал 2024 година, со прилози

77. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, за периодот јануари-март 2024 година, со прилози

78. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година

79. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот октомври - декември 2023 година

80. Годишен извештај за работењето, Годишна сметка и финансиски извештаи на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2023 година

81. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје, за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година

82. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.7.2023 година до 31.12.2023 година

83. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавна здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“, Битола, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавна здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“, Битола, Сметка за средства од Фондот (737)

84. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема Финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за макро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој

85. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за следните сметки; Сметка за основен буџет [637] со број 140010028063710, Сметка на основен буџет [631] со број 140010028063119

86. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2024 година, со Финансиски план

87. Информација во врска со потребата од обезбедување на дополнителни наменски средства за надомест на употребените ресурси во течно гориво за воздухопловите на Министерството за внатрешни работи за справување со кризната состојба и за поддршка на странските воздухоплови и посади и на друг странски персонал

88. Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2023 година

89. Информација во врска со реализација на проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина“

90. Информација за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во 2024 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

91. Извештај за реализација на буџетските средства за 2023 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2023 – 2025 година

92. Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година

93. Информација за состојбата по доспеани обврски од активни договори склучени како резултат на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година

94. Информација за потпишување на Финансиската спогодба за ИПА 2024 Годишната акциска програма, со текст на Финансиска спогодба и прилози

95. Информација за престанување важење на Одлуката за давање на трајно користење на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со предлог-одлуки и прилози

96. Предлог на закон за изменување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка

97. Информација за потребата од склучување на Амандман бр.6 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман бр.6

98. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

99. Предлог - одлука за зголемување на капиталот на Европската банка за обнова и развој со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија

100. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 август 2024 година до 19 август 2024 година

101. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 6 август 2024 година до 12 август 2024 година

102. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 8 август 2024 година до 14 август 2024 година

103. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 јули 2024 година до 11 август 2024 година

104. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 август 2024 година до 9 август 2024 година

105. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 август 2024 година до 19 август 2024 година

106. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година

107. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Предлог - решение за изменување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Нацрт реформска агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 27.8.2024 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања веднаш да ја достави Нацрт реформската агенда 2024-2027 до Европската комисија.

2. Се задолжуваат м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, да одржат работна средба за постигнување на договор за структурата за спроведување на Реформската агенда, најдоцна до 4 септември 2024 година.

3. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, кои имаат надлежност за спроведување на Реформската агенда 2024-2027, во буџетските циркулари за 2025 година и понатаму да планираат финансиски средства за реализација на предвидените чекори.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и втора одлука), со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и деветта одлука).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесетта одлука).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Кичево-Охрид) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од промена на опфатот во Секција 2 (Гостивар - Букојчани), преку искористување на државно земјиште во полза на приватни парцели, со цел намалување на времето и трошоците потребни

за спроведување на постапката за експропријација за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани), ја усвои Информацијата и му укажа на Јавното претпријатие за државни патишта да ги исклучи од Урбанистички проект за Делница 2: Гостивар – Бујкочани следните катастарски парцели: КП бр. 330, КП бр. 331/1, КП бр. 331/2, КП бр. 320, КП бр. 258, КП бр. 255, КП бр. 251/1, КП бр. 251/2, КП бр. 252/1, КП бр. 252/2, КП бр. 253 и КП бр. 262 сите во КО Бањица.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна установа Специјален завод – Демир Капија).

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат -максилофацијална хирургија - академик Илија Васков-Скопје).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основен суд Куманово).

**Точка 10**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2023 година (ДП бр.02-485/1), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за одбрана да изнајдат соодветно системско решение за исплата на неисплатените надоместоци, кои произлегуваат од правото на работен однос на вработените во државните институции, со кое во иднина треба да се надмине досегашната состојба на одлив на непредвидени износи на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на донесени правосилни судски пресуди против Република Северна Македонија, со негативни фискални импликации врз државниот буџет.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам во текот на петтиот круг на евалуација на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам на Република Северна Македонија од страна на Комитетот Moneyval при Советот на Европа и Акциски план за реализирање на препораките од Извештајот од петтиот круг на евалуација усвоен во мај 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за реализирање на препораките од Извештајот од петтиот круг на евалуација на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам од страна на Комитетот Moneyval при Советот на Европа.

2. Се задолжува Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам да ја следи и координира реализацијата на Акцискиот план и на секои три месеци да ја информира Владата на Република Северна Македонија за степенот на реализација на предвидените активности, доставувајќи подлабинска анализа за преземените, односно непреземените активности во конкретните временски интервали.

**Точка 12**

Владата ја донесе Уредбата за формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци, постапката, начинот и роковите на доставување на информациите за податоците од страна на субјектите во националната инфраструктура на просторни податоци.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на НУ Национална опера и балет - Скопје.

**Точка 14**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2023 година, Годишниот извештај за работењето на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2023 година, Годишниот извештај за работа на внатрешна ревизија за период од 1.1.2023-31.12.2023 година и Извештајот за резултати од контрола на Надзорен одбор над управувањето со АД Аеродроми на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за

склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот солемнизиран под ОДУ бр.2005/2023 од 7.9.2023 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог – одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје.

2. Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје.

Истовремено, се укажува на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, редовно и навремено да ги сервисира доспеаните обврски кон АД МЕПСО и доколку во иднина Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје достави материјал како предметниот, Владата нема да ги донесе одлуките.

**Точка 16**

Владата по Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година, со Предлог – одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучен Договор за пренесување на правото за градење со намена на деловни простории за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје да го раскине Договорот за пренесување на правото на градење со намена на деловни простории за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, склучен на 29.1.2024 година, помеѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје (пренесувач на право на градење–инвеститор) и Друштвото за градежништво и услуги Рапид билд ДОО Куманово (носител на градба–инвеститор), солемнизиран на 29.1.2024 година, под ОДУ бр.14/24, кај нотар Соња Гавровска од Скопје.

**Точка 18**

Владата ги разгледа Годишната пресметка за 2023 година и Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2023 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија).

Истовремено потребно е Министерството за финансии да ја разгледа можноста за измена на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, во насока Владата повеќе да не е надлежна за давање согласност на институциите за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Аеродром.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Велес) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на Општина Кавадарци и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот текстот на истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од набавка на противпожарни возила, уреди, опрема и средства за гаснење на пожари, ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на направи истражување на пазарот за набавка на возила, уреди, опрема и средства за гаснење на пожари и во рок од 30 дена, за истото да достави информација до Владата.

Истовремено, Владата заклучи во истражувањето на пазарот за набавка на возила, уреди, опрема и средства за гаснење на пожари, да бидат вклучени и претставници

од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и Министерството за локална самоуправа, кои се членови на работната група за трансформација на системот за справување со кризи.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Епсотек МК ДООЕЛ Скопје и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Епсотек МК ДООЕЛ Скопје.

2. Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Епсотек МК ДООЕЛ Скопје ќе го потпише претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии (КП бр.8624, КО Штип 4, запишани во Имотен лист бр. 74849), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 26

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за Нацрт годишниот извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2023 година, со прилози.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Коце Попов ул.„Методи Џунов Џико“ бр.20 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство Агровиго ДООЕЛ со седиште на ул.Населено место без уличен систем Козјак Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката

за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Денкови Даниел Стоиман Денков, со седиште на ул. „Драги Крупишки“ бр.14 Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Салент Томислав Атанасов, с.Орел, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Гетафер–Гене Илиев, ул. „Поглед“ бр.1, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Даниела Доневска, ул.„11 македонска бригада“ бр.12, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Коневи Ласте Конев, ул.„Крсте Мисирков“ бр.30, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Антонио Велковски, ул.„Кузман Капидан“ бр.18, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Васка Николовска, ул.„Јане Сандански“ бр.55/14, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Венцо Додевски, с.Милино, Лозово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Снежа Нацева, ул.„Партизанска“ бр.1, Свети Николе со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Гордан Илиев, ул.„Питу Гули“ бр.102, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ѓоко Стрезовски, ул.„29 Ноември“ бр.168, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Спировски ул.„Коле Неделковски“ бр.26, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Стојанчо Стојев ул.„Желковец“ бр.15, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Рената Тасева ул.„Пере Тошев“ бр.34, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Борис Ристов ул.„Вано Ташев“ бр.21, Неготино, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Зодани ДООЕЛ, с.Кадрифаково, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 45

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребата за донесување на Предлог - програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за

периодот 2025-2027 година и Предлог - уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 29 август 2024 година (четврток), поради потребата Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, да достави мислење по материјалот до министерот за транспорт.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, заради склучување Анекс бр.7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево–Охрид, со Предлог-закон и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди текстот на Предлогот на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево–Охрид, заради склучување Анекс бр.7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево–Охрид, по скратена постапка и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, министер за транспорт, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финасии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Стефан Волкановски, државен советник во Министерството за транспорт.

2. Го утврди текстот на Анекс бр.7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево–Охрид, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited.

3. Се овластуваат Александар Николоски, министер за транспорт, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и Коце Трајановски–вршител на должност директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр. 7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид, бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци–Штип и патна делница Кичево-Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/13, 134/17, 64/18, 168/18, 194/18, 208/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/20, 285/21 и 76/24) и објавување на истиот во Службен весник на Република Северна Македонија.

*

*          *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 септември 2024 година, го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година

Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од Петнаесеттата седница на, одржана на 27 август 2024 година, донесен по точка 46 „Информација за потребата од донесување на Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, заради склучување Анекс бр.7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид “, го прифати Барањето и заклучи точка 3 од истиот да се измени и да гласи: „3. Се овластуваат Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и Коце Трајановски – вршител на должност директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр. 7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр. 08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево-Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/13, 134/17, 64/18, 168/18, 194/18 и 208/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/20, 285/21 и 76/24) и објавување на истиот во Службен весник на Република Северна Македонија.“.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање за соработка во дигитална трансформација помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „4iG Plc.“, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за соработка во дигитална трансформација помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „4iG Plc.“.

2. Се овластува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да го потпише Меморандумот за разбирање за соработка во дигитална трансформација помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „4iG Plc.“

## Точка 48

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и м-р Анета Златаревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 49

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци, ја усвои Информацијата и ги прифати Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци (усогласени со Секретаријат за законодавство).

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Triglav Star 24“, во Република Словенија.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија за учество во Команда на Бригадата на Југоисточна Европа, со Предлог-одлука (усогласена со Секретаријатот за законодавство) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија за учество во Команда на Бригадата на Југоисточна Европа.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за влегување, излегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, кои ќе учествуваат во организација на активноста за одбележување на 25 години од постоење на Команда на Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG).

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со организација на активноста за одбележување на 25 години од постоење на Команда на Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG), како и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за формирање на координативно тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините.

## Точка 54

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди и

заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабрију, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна" на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна" на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

## Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје", Скопје (режиски трошоци).

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин", Битола (режиски трошоци).

## Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев", Охрид (режиски трошоци).

## Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија", Скопје (режиски трошоци).

## Точка 60

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ", Скопје (режиски трошоци).

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Поликлиника – Железара.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење во рок од седум дена по добивањето на номинациите за член и заменик - член да формира Работна група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а им се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката - Скопје, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од седум дена, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да доставаат номинации на член и заменик-член во Работната група за изнаоѓање на

решение за воспоставување на централизираната база на податоци за државниот недвижен имот.

3. Се задолжува Работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот, најдоцна до 15 декември 2024 да изготви предлог-решение и да го достави до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење.

4. Да се имаат предвид укажувањата на Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за европски прашања, Министерството за јавна администрација и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, во врска со следново:

- Секоја институција да формира интерна комисија, која ќе се произнесе за состојбата на државниот недвижен имот, што истите го управуваат и користат.

- Интерните комисии да извршат и соодветна категоризација за видот на имотот и правната состојба на истиот и врз основа на добиените податоци, да се направи сериозен план и роковник со кои би биле опфатени податоците за различните категории на недвижен имот, согласно нивниот правен статус и во рок од три месеци да достават информација за прогресот на активностите до Владата на Република Северна Македонија со подготвени акциски планови за начинот на нивната реализација.

-Агенцијата за катастар на недвижности, водејќи ја редовната евиденцијата на недвижниот имот во државна сопственост, соодветно да ги ажурира податоците за правниот статус на државниот недвижен имот.

Истовремено, Владата заклучи при изготвување на предлог-решението, работната група да ги земе предвид препораките од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем (во насока - при воспоставување на централизираната база на податоци за државниот недвижен имот, да бидат впишани податоци само за објекти од тврда градба и земјиште под згради).

**<u>Точка 66</u>**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки (канцеларии бр.1, 2, 3, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28).

2. Ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта (канцеларии бр.4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10).

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за дигитална трансформација (канцеларии бр.5.1, 6.1, 6.2, 7.1, 7.2, 9.3, 11.2 и 12).

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (канцеларии бр.11.1, 11.2 и 12).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (канцеларии бр.7, 14, 15 и 16).

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за дигитална трансформација ( простории бр.8, 9, 10, дел од просторија бр.11, простории бр.22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28) .

7. Ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за дигитална трансформација (канцеларија бр.1, 2, 3, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28).

8. Ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за дигитална трансформација (канцеларии бр.4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10).

## Точка 67

Владата ја разгледа Статутарната одлука за измена на Статутот на МИТ Универзитет-Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Во воведниот дел од Статутарната одлука, како правен основ, потребно е да се наведе член 94 став 1 точка 1 од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24).
Исто така, во воведниот дел на Статутарната одлука, не е потребно да се наведува седиштето на Универзитетот.

Член 1 и член 2 од Статутарната одлука е потребно да се избришат.

Членовите 3, 4, 5 и 6 стануваат 1, 2, 3 и 4.

Во членот 5 од Статутарната одлука каде се наведува измената на член 59 од Статутот, задолжително да бидат наведени само оние единици на Универзитетот чии студиски програми имаат добиено решенија за почеток со работа, донесени од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование/Министерството за образование и наука.

Со оглед на тоа што со Статутарната одлука за измена на Статутот се менува важечкиот статут на МИТ Универзитет-Скопје, Владата укажува дека не е потребно носење на нов Статут.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Иницијативата од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.102/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 33 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04), член 67 став 1 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.139/08) и член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.161/19) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 33 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04 и 139/08).

Членот 33 гласи:
„Имунопрофилакса се спроведува со вакцини (вакцинација) или со примена на специфични имуноглобулини (серопрофилакса).
Вакцинацијата е задолжителна за сите лица од определена возраст против туберкулоза, дифтерија, тетанус, голема кашлица, детска парализа, мали сипаници, црвенка, заушки, хемофилус инфлуенца тип Б (хиб), вирусен хепатитис Б, и хуман папилома вирус (ХПВ).
Вакцинација по епидемиолошки индикации се спроведува против тетанус, вирусен хепатитис Б, беснило, жолта треска, цревен тифус, грип и менингококов менингитис.

Вакцинација по епидемиолошки индикации се спроведува како:
1. имунизација на експонирани работници на одредени заразни болести;
2. имунизација на експонирани лица по епидемиолошки индикации;
3. имунизација по клинички индикации и
4. имунизација на патници во меѓународен сообраќај.
Трошоците за вакцинација од став 4 точка 1 на овој член се на товар на работодавачот.
Трошоците за вакцинација од став 4 точка 4 на овој член се на товар на лицето кое патува.
Здравствените установи се должни да обезбедат вакцинација од став 4 точки 2 и 3 на овој член.
Министерот, на предлог на Комисијата за заразни болести, може да одреди вакцинација и за други заразни болести.".

Подносителот на Иницијативата го оспорува и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04 и 139/08), кој гласи:
„Глоба во износ од 300 до 650 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) открие или се посомнева на заразна болест, а не ги преземе пропишаните мерки со овој закон (член 15);
2) не пријави заразна болест, односно сомневање за заразна болест или носителство на причинител (членови 17, 18, 19 и 20);
3) не упати лице каснато од бесно или сомневање на бесно животно за антирабична заштита (член 21);
4) одбива изолација, задолжително лекување или друга мерка од членот 28 или карантин од членот 29 на овој закон;
5) одбие или на друг начин оневозможи спроведување на надзорот од членовите 31 и 32 на овој закон;
6) лице или родител/старател одбие вакцинирање за болестите утврдени во членот 33 на овој закон или заштита со специфичен имуноглобулин (член 34) или заштита со лекови (член 36);
7) не изврши претходен преглед или даде вакцина без присуство и под надзор на доктор по медицина (член 35);
8) одбие задолжителна дезинсекција од членот 40 на овој закон;
9) не изврши или избегнува вршење на задолжителен здравствен преглед (членови 44 и 45) и
10) постапи спротивно на забраната од членот 46 на овој закон.".

Исто така, подносителот на Иницијативата го оспорува и член 60 став 2 од Законот за основното образование, кој гласи: „При запишување на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа".

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста и законитоста на Правилникот со кој се менува член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/19), и кој гласи: „- Податоци за здравствена состојба на детето" што ги пополнува и заверува матичниот лекар на детето при запишување во детската градинка/центар за ран детски развој, како и за секоја воспитна година во која детето престојува во детската градинка/центар за ран детски развој, кои содржат: име, презиме, датум и место на раѓање на детето, податоци за вакцинален статус и примени вакцини и општи податоци за неговата здравствената состојба, име, презиме, потпис и факсимил на матичниот лекар, податоци за контакт и датум на пополнување".

Според наводите од Иницијативата се оспоруваат одредбите заради тоа што со истите наводно се повредуваат уставно загарантираните права и слободи директно повредувајќи го физичкиот интегритет на човекот, со што е повредено начелото на

еднаквост на граѓаните во уживањето и остварувањето на сите права и слободи од член 8 став 1, член 9 и член 11 од Уставот, повреда на правото на приватност со начинот на кој се бараат податоци за здравствената состојба за уживање на уставно и законски загарантираните права на човекот кои се загарантирани со член 25 и член 39 од Уставот.

Подносителот на Иницијативата, исто така, смета дека со оспорените одредби е повреден Уставот, бидејќи за да го остварат своето право на основно образование кое е задолжително, тоа е условено со задолжителната вакцинација што е според него спротивно на член 9, член 25, член 40, член 44, член 51, член 54 од Уставот.

Со условите од оспорените одредби според подносителот е повредено правото на достапност на основно образование и забраната на дискриминација по основ на здравствената состојба со што наводно се повредени правата од член 4, член 5 став 1, член 7 од Законот за основното образование и член 2, член 4, член 5 и член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Наводна повреда имало и на одредбите од член 4 став 1 точка 13 и член 5 од Законот за заштита на лични податоци, затоа што податоците што се однесуваат на здравјето се лични податоци и податоците кои ги бараат детските установи и училиштата се податоци кои се однесуваат на здравствената заштита кои откриваат информации за здравјето.

2. Сите претходно наведени наводи од Иницијативата на подносителот, Уставниот суд веќе ги имал предвид кога за ова прашање одлучувал претходно.

Имено, како што правилно навел Уставниот суд во образложениeто на Решението У.бр.84/19 од 26.6.2019 година, со кое ја отфрлил Иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 46 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и бр.64/18), со оспорената одредба:

„Според судот, не се повредуваат правото на образование и правото на избор за невакцинација на децата како што било наведено со Иницијативата, бидејќи одредбата е во насока на заштита на здравјето на учениците кои се запишуваат во прво одделение и на здравјето на другите ученици во училиштето.

Имено, условувањето на упис во основно училиште, преку приложување на доказ за извршена вакцинација, не претставува дискриминација бидејќи ова е еден вид на механизам за заштита и осигурување на правото на здравје на детето. Родителите кои би запишале дете во училиште кое не ги примило потребните вакцини, би ги повределе правото на здравје на своето дете и на другите деца кои одат во истото училиште.

Според судот, не може да се смета дека на невакцинираните деца од предучилишна и основно-училишна возраст неоправдано им е ограничено правото на образование

поради невакцинација. Станува збор за посебни права поради што целосното остварување на овој степен на развој на здравството и образованието, па и развојот на целото општество, не може да биде успешно доведено во корелација од аспект на забрана на дискриминација.

По однос на тоа, дека со оспорената одредба се повредува член 44 од Уставот и се ограничува правото на образование, наведеното условување, односно ограничување е исклучиво и единствено поради постоење на интересот на јавниот ред и мир, заштитата на здравјето, моралот и правата и слободите на другите, што значи заштитата на правата на групата над правата на поединецот. Оттука, границата помеѓу позитивните и негативните задолжувања на државата во согласност со оваа одредба од Законот не може прецизно да се дефинира, но сепак, во двата контексти државата ужива одредена слобода на проценка.

Предвидувањето на задолжителна вакцинација за одредени заразни болести е со цел за елиминација на болести на целокупната популација, а што е позитивна обврска на државата во смисла на заштита на здравјето на своите граѓани. Ова, дотолку повеќе што, со конкретното прашање се навлегува во стручната медицинска област и истото не е прашање за остварување на загарантираното право на слобода на совеста и уверувањето“.

Решението У.бр.84/19 од 26.6.2019 година на Уставниот суд на Република Северна Македонија се однесува на одредбата од членот 46 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и бр.64/18), кој е суштински иста со одредбата од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), и од тие причини Уставниот суд на Република Северна Македонија со истото образложение не треба да ја прифати Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/22 за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19).

Во Решението У.бр.218/20 од 17.6.2021 година со кое Уставниот суд не повел постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот: „примените задолжителни вакцини за детето“ од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), истиот наведува:

„Во оваа насока е и ставот на Европскиот суд за човекови права изразен во пресудата во предметот „Ваври чка и други против Република Чешка“ (Vavřička and Others v. the Czech Republic“ application no.47621/13) од 8 април 2021 година.

Европскиот суд за човекови права, одлучувајќи по апликацијата на шест чешки државјани (Ваврична, Новотна, Хорнуч, Брожиќ и Дубски и Ролочек) со мнозинство гласови утврдил дека не е сторена повреда на членот 8 од Конвенцијата (правото на почитување на приватниот и семејниот живот, а во однос на членот 9 од Конвенцијата (слобода на мислата и совеста), судот се изјаснил дека апликацијата во однос на овој член е недопуштена и дека нема потреба да се оценува случајот посебно во однос на членот 2 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата (правото на образование).

Жалбата на апликантите главно се однесувала на членовите 8 и 9 од Европската конвенција за заштита на човековите права и членот 2 од Протоколот бр.1 на Европската конвенција за заштита на човековите права.

Големиот совет на Европскиот суд за човекови права не нашол повреда на членот 8 од Конвенцијата и оценил дека како прво, задолжителната вакцинација треба да остане во рамките на широка маргина на оцена од страна на властите во оваа област и ги застапува нивните одговори поддржани од релевантни и оправдани причини со цел да се притисне социјалната потреба да се заштити личното и јавното здравје. Второ, оспорените мерки оценувани во контекст на домашниот правен систем биле разумно пропорционални на пропишаната легитимна цел. Исто така, Големиот совет на Европскиот суд за човекови права, ја прогласил за недопуслива жалбата во однос на членот 9: тие не докажале дека нивното критикувачко мислење за вакцинацијата била доволно убедлива, сериозна, единствена и доволно значајна за да се формира убедување или уверување со што ќе ја обезбедат гаранцијата на оваа одредба. Понатака, Советот одлучил дека нема потреба да се испитува случајот посебно во однос на членот 2 од Протоколот бр.1.

Оваа пресуда на Големиот совет на Европскиот суд за човекови права е значајна бидејќи за прв пат судот екстензивно се осврнува на задолжителната вакцинација на децата и на последиците од неисполнувањето на оваа обврска од гледна точка на правото на почитување на приватниот живот од членот 8 на Конвенцијата. Судот ја признава вакцинацијата на децата како особено важна, односно како „клучна мерка за јавното здравје“ и ја поврзува со вредноста на социјалната солидарност и од најдобар интерес на децата.“.

Уставниот суд нема основ да ја отфрли Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, како што тоа го сторил со Решението У.бр.84/19 од 26.6.2019 година, повикувајќи се при тоа дека судот веќе одлучувал по истата работа во предметот У.бр.30/14 и со Решение од 8.10.2014 година не повел постапка за оценување на уставноста, бидејќи станува збор за одредби од различни закони. Сепак, Уставниот суд на Република Северна Македонија има основ да не поведе постапка за оценување на уставноста на Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/22, бидејќи оспорената одредба од Законот за основното образование е суштински иста и нема основи за поинакво одлучување од причините и со образложенијата наведени во решенијата У.бр.30/14 од 8.10.2014 година и У.бр.84/19 од 26.6.2019 година, а истовремено Уставниот суд на Република Северна Македонија со Решение У.бр.218/20 од 17.6.2021 година не повел

постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот: „применитe задолжителни вакцини за детето“ од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), со што веќе Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучувал за дел од оспорената одредба.

Исто така и одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој, кои се оспоруваат од подносителот на Иницијативата се поврзани со оспорената одредба од Законот за основното образование, и за нив Уставниот суд на Република Северна Македонија има основ да не поведе постапка за оценување на уставноста на Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/22, бидејќи нема основи за поинакво одлучување од причините и со образложенијата наведени во решенијата У.бр.30/14 од 8.10.2014 година и У.бр.84/19 од 26.6.2019 година, како и во Решението У.бр.218/20 од 17.6.2021 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се укажува дека член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијативата од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/22 за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19).

## Точка 69

Владата ја разгледа Иницијативата од Симо Трипуноски од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.102/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката, одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Во членот 8 од Уставот, на кој се повикува подносителот на Иницијативата, Уставот на Република Северна Македонија ги утврдува темелните вредности на уставниот поредок на Републиката, меѓу кои како први во алинеја прва се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдено со Уставот.

Во Иницијативата подносителот наведува дека со оспорената законска одредба се повредува загарантираното право на правна заштита на сопственоста како една од темелните вредности на уставниот поредок утврдена во членот 8 од Уставот.

Притоа, подносителот укажува и на законските основи со кои се уредува стекнувањето, заштита и престанокот на правото на сопственост и другите стварни права пропишани во одредбата од членот 7 од Законот за сопственост и други стварни права, истакнувајќи дека во Законот за сопственост и други стварни права, во членот 112 јасно се пропишани основите за стекнување на правото на сопственост, кои согласно членот 174 од Законот за катастар на недвижности, потоа се запишуваат во јавните книги во соодветна постапка на запишување на недвижностите.

Според подносителот на Иницијативата со посочената одредба се повредува правото на вистинскиот носител на правото, да не може катастарот кој при запишувањето ја направил грешката да изврши исправка на истата без согласност на лицето кое има запишано право на сопственост врз основа на направена грешка од страна на Агенцијата за катастар на недвижности при извршеното запишување, а оштетениот вистински носител на правото со цел остварување и заштита на сопственоста согласно оспореното законско решение кое според подносителот е спротивно на Уставот, потребно е да води посебна постапка за исправка на грешката сторена при запишување од страна на Агенцијата и тоа на свој трошок.

Со ваквиот начин на уредување на постапката за исправка на грешката во оспорениот член според наводите на подносителот на Иницијативата, се повредуваат уставно загарантирани права и се создава правна несигурност во однос на остварување на правната заштита на сопственоста.

Владата на Република Северна Македонија при разгледување на наводите истакнати во поднесената Иницијатива, смета дека нема основаност на истите од причина што со посочената одредба обезбедува заштита на правото на сопственост, а не обратно и дека со истата се обезбедува заштитата на запишаното право на тој што се стекнал со правото на сопственост на недвижниот имот, посветувајќи верба во запишаните податоци на Катастарот на недвижности.

Имено, вербата во јавните книги на запишување е пропишана и во членовите 150 и 151 од Законот за сопственост и други стварни права, каде е уредено дека „јавната книга за запишување на правата на недвижностите вистинито и точно ја одразува фактичката и правната состојба на недвижноста, па оној што во добра верба се потпирал на запишаното во јавната книга, незнаејќи дека она што е запишано во неа не е точно или дека е различно од состојбата надвор од јавната книга, му се обезбедува право на заштита според одредбите предвидени со закон и истиот не треба да трпи штетни последици, што воедно значи и дека не треба да трпи промени на податоците во делот на правото на сопственост кои би биле на негова штета.

Токму поради наведеното со оспорената одредба се обезбедува правна заштита на запишаното право и на запишаниот носител на тоа право на начин што катастарот кој при запишувањето ја направил грешката истата да не може да ја исправи без согласност на лицето кое има запишано право на сопственост врз основа на направената грешка.

Воедно, во појаснувањата дадени во поднесената Иницијатива се смета дека постои неконзистентност во барањето на подносителот на Иницијативата за усвојување на истата, од причина што подносителот најпрво го оспорува членот 35 со кој пропишува измена на членот 209 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), за да на крај од поднесената Иницијатива подносителот бара поништување на членот 209 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19).

Согласно членот 51 од Деловникот на Уставниот суд, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од два месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од пет години од денот на неговото преземање.

Владата на Република Северна Македонија смета дека поднесената Иницијатива не треба да биде прифатена од причини наведени погоре, односно истата е потребно да биде отфрлена поради неконзистентност во наводите истакнати во Иницијативата по однос на оспорените членови, бидејќи од напишаното во истата останува нејасно за тоа на кој член се однесува Иницијативата, односно дали се бара поништување на членот 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“

бр. 124/19) или пак членот 209 став 6 од Законот за катастар на недвижности - консолидиран текст со оглед да нема официјално пречистен текст на Законот за катастар на недвижности.

Врз основа на сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати, односно да ја отфрли Иницијативата за оценување на уставноста на одредбата од член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 70

Владата ја разгледа Иницијативата од Петар Димитров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.89/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 21 став 1 алинеја 5 и ставовите 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара оценување на уставноста на  член 21 став (1) алинеја 5 и ставовите (4), (5), (6), (7), (8) и (9) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), сметајќи дека се во спротивност со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според точка 1 од Иницијативата, подносителот наведува дека со оспорените одредби Републиката не обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, односно воздушниот сообраќај не бил супериорен над другите начини за превоз за со него да се издвојува посебен надоместок од секој патник во заминување од Република Северна Македонија, за потребите на Агенцијата и за унапредување на воздухопловството.

Според член 21 став (1) алинеја 5 од Законот за воздухопловство, Агенцијата се финансира од надоместок од секој патник во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија за потребите на Агенцијата и за унапредување на воздухопловството.

Согласно став (4) од истиот член, висината на надоместокот од став (1) алинеја 5 на овој член се утврдува од страна на Управниот одбор на Агенцијата со тарифник во зависност од административните трошоци и трошоците за безбедносен и континуиран надзор. Висината на надоместокот не може да биде поголема од едно евро во денарска противвредност.

Според став (5) од истиот член, надоместокот од ставот (1) алинеја 5 на овој член авиопревозниците го наплатуваат во свое име, а за сметка на Агенцијата.

Авиопревозниците на барање на Агенцијата ѝ доставуваат извештај за бројот на превезени патници во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија, за бројот на патници кои се изземени од плаќање на надоместокот од ставот (1) алинеја 5 на овој член, како и за вкупниот износ на наплатениот надоместок.

Согласно став (6) од истиот член, надоместокот од ставот (1) алинеја 5 на овој член авиопревозниците го пресметуваат во патничката карта на секој патник во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија, со исклучок на: патници во случај кога воздухопловот кој ги превезувал е вратен на аеродромот од кој полетал поради виша сила, патници на летови кои се вршат со воздухоплов со капацитет помал од 20 седишта, деца на возраст до две години, транзитни патници и патници со сервис-карти (ID 00, ID 90).

Според став (7) од истиот член, операторот на аеродромот до Агенцијата, врз основа на меѓусебен договор, доставува месечен извештај со податоци за бројот на патници во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија прикажани за секој авиопревозник посебно, во согласност со ставот (6) на овој член. Врз основа на овој извештај Агенцијата доставува фактура за надоместокот до секој авиопревозник, со рок на плаќање од 15 дена, пресметан по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на издавањето на фактурата.

Согласно став (8) од истиот член, во случај кога авиопревозникот нема да го плати надоместокот во рокот утврден во ставот (7) на овој член, Агенцијата му издава опомена за плаќање на долгот. Доколку авиопревозникот не го плати долгот ни по издадената опомена, Агенцијата може да поведе судска постапка и да одбие издавање одобрение за летање на странски воздухоплов во македонскиот воздушен простор или да го повлече издаденото одобрение од членот 41 од овој закон, односно да забрани летање на авиопревозникот.

Според став (9) од истиот член, средствата од ставот (1) на овој член се уплаќаат на сметка на Агенцијата, а се користат за функционирање на Агенцијата, инвестициско и тековно одржување, за обука и стручно усовршување на вработените и за унапредување на воздухопловството.

Согласно член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Имајќи ги предвид одредбите од член 3 ставови (1) и (2) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24), подзаконските прописи предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачани практики и

легислатива на Европската Унија, односно EASA, ICAO, ECAC и EUROCONTROL, како и ратификуваните меѓународни договори, односно меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои овој закон и подзаконските прописи предвидени со овој закон вршат само упатување, се сметаат за прифатени и директно се применуваат. Имено во областа на воздушниот сообраќај Република Северна Македонија како правен наследник на СФРЈ е една од земјите потписнички на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство (Чикашка конвенција) Чикаго 7.12.1944 („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 3/54), а воедно во областа на воздухопловството со потпишувањето на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07 и бр. 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19), Република Северна Македонија има преземено обврска, како и сите други земји членки на Спогодбата да ги транспонира во сопственото национално законодавство сите прописи од правото на Европската Унија, кои се дефинирани со Спогодбата.

Оттука, неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека со оспорените одредби Републиката не обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, со оглед на фактот дека Агенцијата за цивилно воздухопловство не е субјект на пазарот, туку е државен орган, односно регулаторно тело со јавни овластувања и со статус на надлежна воздухопловна власт согласно член 7 од Законот за воздухопловство.

Воедно, надоместокот од член 21 став (1) алинеја 5 од Законот за воздухопловство, не е извор за профит на субјект на пазарот, туку е извор за финансирање кој е неопходен за реализација на надлежностите на Агенцијата како регулаторно тело, односно за унапредување на воздухопловството. Во член 12 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19), кој престана да важи со Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24), во ставот (1) беа предвидени надоместоците кои се предвидени со оспорениот член 21, со тоа што наместо дел од надоместоците за користење на полетно-слетната патека и патеките за возење, односно за полетување, слетување и осветлување е наведен надоместок од секој патник во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија.

Притоа надоместокот од член 21 став (1) алинеја 5 од Законот за воздухопловство е воведен еднакво за сите субјекти, односно патници во заминување и не се однесува само на патници од конкретна авиокомпанија па со тоа да постои нееднаквост во однос на правната положба на останатите пазарни субјекти (авиокомпании) кои не се опфатени со надоместокот. Споредбата со останатите начини на превоз кај кои не е предвиден ваков надоместок за финансирање на државните органи од нивната

област, е несоодветна, затоа што за сите видови на сообраќај и начинот на функционирање и финансирање на нивните регулаторни тела постојат посебни закони засновани на специфични ЕУ прописи и меѓународни стандарди, а како што претходно укажавме голем дел од ЕУ мерките (конкретни регулативи и директиви од Европскиот парламент и Советот) се прифатени согласно меѓународните договори на кои Република Северна Македонија е потписничка и истите директно се применуваат. Од друга страна, не е јасно во што се состои нееднаквоста на воздушниот сообраќај во однос на другите видови на сообраќај кога на пример во патниот сообраќај се плаќа патарина од секој патник како надоместок кој го користи Јавното претпријатие за државни патишта.

Воедно, согласно член 21 став (4) од Законот за воздухопловство, се утврдени конкретни параметри потребни за определување на висината на надоместокот, како и неговата максимална висина независно од параметрите. Имено, висината на надоместокот од член 21 став (1) алинеја 5, се утврдува од страна на Управниот одбор на Агенцијата со тарифник во зависност од административните трошоци и трошоците за безбедносен и континуиран надзор, која висина не може да биде поголема од едно евро во денарска противвредност. Во оваа насока идејата на законодавецот е јасна, да се обезбедат средства за правилно и навремено функционирање на надзорните надлежности на Агенцијата која опфаќа безбедност на аеродромите, воздухопловите и екипажот, а со тоа и безбедност на самите патници. Агенцијата согласно своите законски надлежности утврдени во Законот за воздухопловство, ги извршува надлежностите предвидени со прописите на Европската Унија и меѓународните воздухопловни стандарди и препорачани практики во својство на надлежна воздухопловна власт за регулирање, лиценцирање, сертификација и надзор во цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија, кои се дејности од јавен интерес (член 7 од Законот).

Надлежностите на Агенцијата се во насока на обезбедување на квалитетен и пред сè безбеден воздушен сообраќај, па оттука и потребата од конкретниот извор на финансиски средства, кој пред сè овозможува засилување на вршењето на надзор на авиопревозниците на кои Агенцијата им издава одобрение.

Понатаму, согласно ЕУ Регулативата 1794/2006 година која е транспонирана во Македонија преку Одлука на Владата за утврдување на висината и начинот на наплата и распределување на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација и висината и начинот на утврдување на делот од надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 194/19, јасно се утврдува дека само надзорните и регулаторните функции на Агенцијата поврзани со давањето на услуги на воздухопловна навигација можат да се финансираат од надоместоците кои се наплатуваат за давањето на овие услуги, а не целокупното функционирање на Агенцијата. Ова било констатирано и во ESIMS извештајот на EUROCONTROL за Република Македонија во 2007 година.

Поради овие причини, а со цел да се отстранат забелешките содржани во горенаведените извештаи, Европската комисија во 2010 година го задолжи

консултантот Интегра во рамките на ISIS проектот (Проект за поддршка на земјите во регионот во исполнување на обврските за имплементација на Мултилатералната спогодба за ЕЗВО) да предложи решение со кое ќе се воспостави стабилен извор на финансирање на Агенцијата. Во предлог решението кое беше дадено во рамките на ISIS проектот се предвидува финансирање на Агенцијата од надоместок поврзан со патничка карта за секој патник во заминување од аеродромите во Република Македонија. Надоместокот треба да го наплатуваат авиокомпаниите при продажбата на авиобилетите и да го префрлаат на сметка на Агенцијата. Предлогот беше даден како најприфатливо решение за финансирање на воздухопловните власти, кое е веќе применето во голем број земји на Европа меѓу кои и Велика Британија, Данска, Шпанија, Франција, Шведска, Финска, Ирска, Латвија, Луксембург, Грузија, Чешка, Австрија, но исто така и во регионот во Хрватска, Србија, Црна Гора, Косово, Албанија и други земји.

Воедно, овој надоместок е согласно и со членот 11 од ЕУ Директивата 2009/12 за надоместоци на аеродром (преземена со Мултилатералната спогодба за ЕЗВО) во кој е предвидено дека воздухопловните власти кои вршат надзор може да се финансираат од надоместоци кои ги плаќаат корисниците на аеродромот, односно патниците и авиопревозниците.

Имајќи го предвид горенаведеното, може да се заклучи дека со надоместокот од патник во заминување, во никој случај не се обезбедува ниту монополска положба на цивилните воздухопловни власти, како во горенаведените држави така и во Република Северна Македонија, ниту пак е внесена уцена во Законот за воздухопловство, од причина што истите се државни органи, а не субјекти на пазарот меѓу кои може да има конкуренција, ниту пак ја нарушува еднаквоста на субјектите на пазарот, односно авиокомпаниите. Дополнително се укажува дека начинот на организирање на воздушниот сообраќај како и вршењето на надзор над истиот, којшто пред сè вклучува безбедност на сообраќајот, а со тоа и на самите патници, а и авиопревозници (предвидени во деловите 3 и 4 од Законот) е предмет на уредување на самиот закон и меѓународните стандарди и препорачани практики кои директно се применуваат согласно меѓународните ратификувани договори.

Во оваа насока е неоправдан предлогот на подносителот на Иницијативата наведен во точката 3 од Иницијативата, дека ваков надоместок би требало да се користи за општината во која е лоциран аеродромот или Буџетот на Републиката, при што се поставува прашањето како предлагачот утврдил постоење на нееднаква положба на субјектите ако надоместокот го наплатува Агенцијата, а во исто време за истиот тој надоместок нема да има нееднаква положба на субјектите на пазарот ако истиот е наплатен за општината или Буџетот.

Во Иницијативата се негираат меѓународните стандарди, хармонизирањето на меѓународни практики и наоди на инспекции, што е спротивно на целокупниот правец на развој на државата. Во Законот за воздухопловство овој постулат е имплементиран преку членот 7 кој предвидува дека Агенцијата како едно од примарните јавни овластувања има извршување на надлежностите предвидени со прописите на Европската Унија и меѓународните стандарди и препорачани

практики во својство на надлежна воздухопловна власт за регулирање, лиценцирање, сертификација и надзор во цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се укажува дека оспорените законски одредби од член 21 став (1) алинеја 5 и ставовите (4), (5), (6), (7), (8) и (9) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“) не се во спротивност со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истите се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, имајќи го предвид погоре наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Иницијативата од Тони Андевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20) и тоа ставот (1) во делот „и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон“, а во целост го оспорува ставот (2) во кој е утврдено дека „доколку постапките од став (1) на овој член не завршат во рокот од став (1) на овој член, истите ќе продолжат согласно одредбите на овој закон“.

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби на член 93 од Законот за урбанистичко планирање се во спротивност со одредбите на член 8 став (1) алинеја 3, член 9 став (1), член 51 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Според член 9 став (1) од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви (став 2).

Согласно член 5 став (1) од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, а според став 2 на овој член секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 52 став (4) од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Во членот 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23), се уредува системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон, а воедно, се уредува и прашањето за важењето на урбанистичките планови и нивната суспензија.

При што, во преодните одредби во членот 93 став (1) од Законот за урбанистичко планирање е утврдено дека започнатите постапки за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на отпочнување на примена на овој закон, ќе продолжат согласно одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Додека во ставот (2) на овој член е утврдено дека доколку постапките од став (1) на овој член не завршат во рокот од став (1) на овој член, истите ќе продолжат согласно одредбите на овој закон.

Во членот 111 од Законот за урбанистичко планирање е утврдено дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила (отпочнат со примена од 18.6.2020 година).

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби на член 93 од Законот за урбанистичко планирање била загрозена правната сигурност на субјектите и нивната правна положба во однос на стекнатите права и интереси, како и дека Уставот на Република Северна Македонија не дозволувал ретроактивност во примената на законите и подзаконските акти, освен во случаите кога е поповолно за граѓаните, а почитувањето на принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите било од суштествено значење за основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно претходно наведеното, неосновани се наводите за противуставност на одредбите на член 93 од Законот за урбанистичко планирање, од причина што со истите се има за цел да се обезбеди еднаква правна сигурност со почитување на принципот на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, при што, интенцијата на законодавецот била да се овозможи надлежниот орган да го донесе урбанистичкиот план во рокот од четири години, како оптимален рок, со оглед дека се работи за започнати постапки за донесување, односно

изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планската програма до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, а при тоа Законот имаше одложена примена од 120 дена од денот на неговото влегувањето во сила. Имено, со пропишаните одредби во Законот за урбанистичко планирање, целта на законодавецот била да се овозможи ефикасност, ефективност и економичност на постапката при донесувањето на урбанистичките планови.

Имајќи ја предвид оспорената одредба од членот 93 од Законот за урбанистичко планирање, во никој случај не може да стане збор за повреда на уставно загарантирани права на граѓаните со оглед дека преодните одредби подеднакво се применуваат за сите граѓани и со истите се обезбедува правна сигурност, со што е дадена можност за ретроактивна примена на Законот за урбанистичко планирање на сите започнати постапки за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на отпочнување на примената на овој закон.

Со ваквото законско решение, законодавецот сакал да пропише дека постапките за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови започнати по други закони ќе продолжат само за тие урбанистички планови за кои е завршена јавната анкета и јавната презентација или стручната расправа, врз основа на претходно одобрена планска програма согласно закон, а плановите ќе бидат донесени согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23), така што урбанистичките планови нема да се враќаат во некоја претходна фаза од постапката, ниту да претрпуваат измени, усогласувања или корекции во решенијата и параметрите согласно новите подзаконски акти, туку со сите свои содржини и решенија што биле изработени и утврдени согласно законите и прописите со кои ја започнале постапката за донесување до денот на истекувањето на законскиот рок, само ќе продолжат со постапката за донесување што им преостанала согласно овој закон. Додека постапките за урбанистички планови за кои не е завршена јавната анкета и јавната презентација или стручната расправа врз основа на претходно одобрена планска програма согласно закон, во рокот од четири години од член 93 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) истите ќе се усогласуваат, изработуваат и донесуваат согласно со одредбите од новиот Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) и неговите подзаконски акти.

Согласно горенаведеното, неосновани се наводите за противуставност на одредбите на член 93 од Законот за урбанистичко планирање, во смисла дека се ограничуваат и се загрозуваат темелните вредности на уставниот поредок и се загрозуваат правата на граѓаните, особено имајќи предвид дека со одредбите на член 49 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) кои се однесуваат на стручната расправа и јавната презентација со јавна расправа на планските решенија, како и на јавната анкета и јавната презентација на предлогот или нацртот на урбанистичкиот план кој се става на јавен увид и проверка на заинтересираните физички и правни лица, како и на

широката јавност се обезбедува потранспарентна и поинклузивна постапка на граѓаните за изработка и донесување на урбанистичките планови.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорениот член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20) не е во спротивност со член 8 став (1) алинеја 3, член 9 став (1), член 51 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, односно е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата од Тони Андевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20).

## Точка 72

1. Владата го одби Барањето бр.14-6374/1 од 23 јули 2024 година поднесено од Блерим Идризи, разрешен од должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

2. Владата го одби Барањето бр.14-6434/1 од 24 јули 2024 година поднесено од Дениз Али, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за стоковни резерви за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

3. Владата го одби Барањето бр.14-7762/1 од 22 август 2024 година поднесено од Драган Крајовски, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Казнено - поправна установа Затвор - Битола за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

4. Владата го одби Барањето бр.14-7547/1 од 19 август 2024 година поднесено од Нурфет Карагоски, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

5. Владата го одби Барањето бр.14-7259/1 од 14 август 2024 година поднесено од Исни Јакупи, разрешен од должноста директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

6. Владата го одби Барањето бр.14-7265/1 од 14 август 2024 година поднесено од Борче Хаџиев, разрешен од должноста директор на Бирото за јавни набавки за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

7. Владата го одби Барањето бр.14-6392/1 од 24 јули 2024 година поднесено од Реси Абдурахмани разрешен од должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

8. Владата го одби Барањето бр.14-7198/1 од 12 август 2024 година поднесено од Седат Шазиманоски разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

9. Владата го одби Барањето бр.14-7176/1 од 9 август 2024 година поднесено од Роберт Бекироски разрешен од должноста заменик на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

10. Владата го одби Барањето бр.14-7170/1 од 9 август 2024 година поднесено од Ферди Шабани разрешен од должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

11. Владата го одби Барањето бр.14-7125/1 од 8 август 2024 година поднесено од Амир Шабани разрешен од должноста директор на Фондот за осигурување на депозити за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

12. Владата го одби Барањето бр.14-6898/1 од 5 август 2024 година поднесено од Иљми Селами разрешен од должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

13. Владата го одби Барањето бр.14-6900/1 од 5 август 2024 година поднесено од Фатон Асани разрешен од должноста национален координатор за соработка со дијаспора за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

14. Владата го одби Барањето бр.14-6901/1 од 5 август 2024 година поднесено од Апостол Симовски разрешен од должноста директор на Државниот завод за статистика за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

15. Владата го одби Барањето бр.14-5595/1 од 2 јули 2024 година поднесено од Муарем Асани разрешен од должноста заменик на директорот на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

16. Владата го одби Барањето бр.14-5689/1 од 4 јули 2024 година поднесено од Пајазит Љика разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, орган во состав на

Министерството за финансии за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

17. Владата го одби Барањето бр.14-5713/1 од 5 јули 2024 година поднесено од Магдалена Филиповска - Грашкоска разрешена од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

18. Владата го одби Барањето бр.14-5839/1 од 9 јули 2024 година поднесено од Владимир Пивоваров разрешен од должноста вршител на должноста координатор на Националниот координативен центар за гранично управување за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

19. Владата го одби Барањето бр.14-5853/1 од 9 јули 2024 година поднесено од Аднан Џафероски разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

20. Владата го одби Барањето бр.14-5906/1 од 10 јули 2024 година поднесено од Роберт Алаѓозовски разрешен од должноста национален координатор интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

21. Владата го одби Барањето бр.14-5900/1 од 10 јули 2024 година поднесено од Денис Алити, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

22. Владата го одби Барањето бр.14-5877/1 од 10 јули 2024 година поднесено од Арбен Ќерими, разрешен од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

23. Владата го одби Барањето бр.14-5876/1 од 10 јули 2024 година поднесено од Борис Тунџев, разрешен од должноста директор на Агенцијата за катастар на недвижности за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

24. Владата го одби Барањето бр.14-5865/1 од 10 јули 2024 година поднесено од Сами Рушиди, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

25. Владата го одби Барањето бр.14-5946/1 од 12 јули 2024 година поднесено од Николче Бабовски, разрешен од должноста вршител на должноста директор на

Агенцијата за храна и ветеринарство за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

26. Владата го одби Барањето бр.14-5935/1 од 11 јули 2024 година поднесено од Стефан Богоев, разрешен од должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

27. Владата го одби Барањето бр.14-7067/1 од 7 август 2024 година поднесено од Емир Сулејмани, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

28. Владата го одби Барањето бр.14-6986/1 од 6 август 2024 година поднесено од Ведат Османи, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

29. Владата го одби Барањето бр.14-6761/1 од 1 август 2024 година поднесено од Филип Андов, разрешен од должноста директор на Казнено - поправна установа Затвор - Скопје за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

30. Владата го одби Барањето бр.14-6767/1 од 1 август 2024 година поднесено од Никица Бачовски, разрешен од должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

31. Владата го одби Барањето бр.14-6722/1 од 5 август 2024 година поднесено од Слободан Цониќ, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Казнено - поправна установа Затвор - Гевгелија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

32. Владата го одби Барањето бр.14-6295/1 од 22 јули 2024 година поднесено од Ардиан Муслиу, разрешен од должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Северна Македонија за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

33. Владата го одби Барањето бр.14-6278/1 од 22 јули 2024 година поднесено од Халит Фератов, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

34. Владата го одби Барањето бр.14-6277/1 од 22 јули 2024 година поднесено од Еран Куртиш, разрешен од должноста директор на Агенцијата за остварување на правата

на заедниците за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

35. Владата го одби Барањето бр.14-6276/1 од 22 јули 2024 година поднесено од Џелал Хоџак, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

36. Владата го одби Барањето бр.14-6595/1 од 29 јули 2024 година поднесено од Ќефали Хавзија, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Казнено - поправна установа Затвор - Тетово за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

37. Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

38. Владата ја именува Лилјана Затуроска за национален координатор за локална самоуправа и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

39. Владата ја именува Верче Мицевска за национален координатор за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

40. Владата го именува Владимир Ѓорчев за национален координатор за демографија, млади и човечки ресурси и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

41. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно музичко училиште – Битола ги разреши:

- Драган Микароски
- Николина Насевска
- Христијан Талевски

41.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно музичко училиште – Битола ги именува:

- Даниел Митревски
- Билјана Ѓорѓиевска
- Нина Котевска
-

42. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Никола Карев“, Струмица ги именува:

- Марика Петрова

- Кристина Николова
- Сузана Крстевска

43. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошевски“, Охрид ги разреши:

- Богоја Кумбароски
- Ивана Маховска Шикалеска
- Жарко Лазарески

43.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“, Охрид ги именува:

- Емилија Трајческа
- Ирена Талевска
- Драгана Боцеска

44. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“, Куманово ги разреши:

- Добрин Петрушевски
- Ивана Димовска Нојковска
- Арменд Мустафа

44.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“, Куманово ги именува:

- Срѓан Ивановски
- Владимир Симоновски
- Изеир Билалли

45. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“, Тетово ги разреши:

- Ванчо Аксоски
- Сашо Лалчевски
- Бејтула Ганија

45.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“, Тетово ги именува:

- Надица Апостолоска

- Перица Трпевски
- Вулнет Кучи

46. Владата ја разреши Билјана Палашовска од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ – Битола.

46.1 Владата ја именува Марија Богоев за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ – Битола.

47. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државен ученички дом „Мирка Гинова“ – Битола ги разреши:

- Пеце Николовски
- Наташа Димовска
- Тонче Целевски

47.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државен ученички дом „Мирка Гинова“ – Битола ги именува:

- Симона Маџевска
- Ивона Јовановска
- Наталија Стефановска

48. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски“, Велес ги именува:

- Милан Ристов
- Маргица Ефтимова
- Снежа Стојановска

49. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес ги разреши:

- Трајанка Сакалиева
- Елез Елезовски
- Кристина Ефремова
- Стојан Тренчевски

49.1 Владата на Џевдет Садику член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес му утврди престанок на мандатот согласно закон.

49.2 Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес ги именува:

- Аница Попов
- Александар Ѓорѓиевски
- Силвана Трајчева

50. Владата од должноста членови на Управниот одбор Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес ги разреши:

- Живорад Ќурчиев
- Славе Петров
- Шаха Јусуфи
- Ерхан Баки
- Наил Мефаилоски
- Лидија Николовска Ташковска, се разрешува од должноста в.д. член

50.1 Владата на Гоце Трајковски, Анка Милкова – Катарова и Стојан Коциров членови на Управниот одбор Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес им утврди престанок на мандатот согласно закон.

50.2 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес ги именува:

- Златко Крлев
- Далибор Таневски
- Бојан Смилески
- Владимир Вељанов
- Кире Богевски

51. Владата го разреши Фадиљ Асани од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, на негово барање.

52. Владата го разреши Ернад Фејзула од должноста заменик на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

51.2 Владата го именува Бенизар Ганиу за заменик на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

53. Владата го разреши Алија Камберовски од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност.

53.1 Владата го именува Зоран Бајовски за вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

54. Владата го именува Владо Цикарски за директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

55. Владата го разреши Дритон Небиу од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот.

55.1 Владата ја именува Ирена Илиевска за вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

56. Владата го разреши Даријан Сотировски од должноста директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

56.1 Владата ја именува Оливера Трајковска за директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

57. Владата го разреши Хисен Џемаили од должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, на негово барање.

57.1 Владата го именува Игор Никоски за вршител на должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

58. Владата го разреши Дејанчо Цветановски од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

58.1 Владата го именува Владимир Кроневски за директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

59. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес од должноста директор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес да го разреши Панче Иванов, а за вршител на должноста директор да го избере Ванче Маневски.

60. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о за вршител на должноста заменик на директорот на Јавно претпријатие за одржување

и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о да го избере Сашо Дранго.

**Точка 73**

**1.** Владата по Барањето од Министерството за транспорт за повлекување од собраниска постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-7708/3 од 20 август 2024 година.

**2.** Владата го разгледа и усвои Протоколот за одвивање на воспитно-образовниот процес во основните и средните училишта во услови на топлотен бран во Република Северна Македонија.

**3.** Владата, по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста, ги донесе следните заклучоци:

1) Делегација, во состав:
-Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;
-д-р Весна Јанева, министер за образование и наука и
-д-р Арбен Таравари, министер за здравство,
во 9:30 часот, да положи свежо цвеќе на гробиштата на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, како и на гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија и на партизанските гробишта.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Секторот за протокол и односи со јавност, да подготви покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови, вклучувајќи и обезбедување на соодветна опрема за положување на цвеќе.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста.

4) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, соодветно и со меѓусебна соработка да обезбедат непречена организација на предвидените активности.

5) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покријат трошоците за

активностите, секоја институција во својот дел, поврзани со одбележувањето на 8 Септември–Ден на независноста.

6) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди соодветен број на гардисти и фанфаристи, како и опрема за свечено положување на свежо цвеќе на Градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, како и на гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија и на партизанските гробишта).

7) Се задолжува Јавното претпријатие Национална радио - телевизија, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да врши директен пренос од активностите.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави техничка опрема, стази, знамиња, озвучување на бина, брендирање на бина, говорница, како и коктел по повод одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста, за што ќе добијат технички спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман, венци, држачи за венци и слично за свеченото положување на цвеќе на 8 Септември-Ден на независноста, како и да обезбеди цветно уредување на бината за свечената академија по повод државниот празник, а врз основа на спецификација дадена од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

10) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе во име на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

11) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на 8 Септември - Ден на независноста.

12) Се укажува на Акционерското друштво за погребни и придружни активности - Бутел, да ги преземе сите потребни активности да ги исчисти гробните места на поранешните претседатели Борис Трајковски и Киро Глигоров, како и на гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија и на партизанските гробишта, каде свечено ќе се положува цвеќе.

13) Се задолжува Министерството за здравство, на денот на одбележување на 8 Септември-Ден на независноста, да има обезбедено едно амбулантно возило, со медицински тим, на место кое ќе се определи во согласност со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

14) Се укажува на Град Скопје на денот на одбележување на 8 Септември-Ден на независноста, да има обезбедено противпожарни возила за настаните поврзани со одбележувањето на државниот празник, утврдени во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

15) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска или печатена форма, во соодветен временски период пред одржување на настаните.

16) Се задолжува Министерството за култура и туризам да ја обезбеди салата на Филхармонија на Република Северна Македонија (во 13:00 часот), да обезбеди изведувач на химна, модератор на настанот, како и да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на персонал за организирање на свечена академија за одбележување на 8 Септември-Ден на независноста.

Трошоците околу вработените и логистичките материјали за организацијата ги покрива Филхармонија на Република Северна Македонија.

## Точка 74

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година, со дополнување и прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 75

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 јануари 2024 година до 31 март 2024 година, со прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 76

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, за прв квартал 2024 година, со прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 77**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, за периодот јануари-март 2024 година, со прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 78**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува предлагачот, предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 79**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот октомври - декември 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува предлагачот, предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 80**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работењето, Годишната сметка и финансиските извештаи на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува предлагачот, предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 81**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје, за период од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува предлагачот, предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 82

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за период од 1.7.2023 година до 31.12.2023 година, како материјал за информирање, при што предлагачот да го има предвид укажувањето на министерот за финансии во насока на усогласување на податоците во Извештајот со трезорската евиденција на Министерството за финансии.

Истовремено, се задолжува предлагачот, предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 83

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавна здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“, Битола, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавна здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“, Битола, Сметка за средства од Фондот (737), како материјали за информирање.

## Точка 84

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема Финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за макро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Фондот за иновации и технолошки развој да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема Финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за макро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 85

Владата го одложи од разгледување Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за следните сметки; Сметка за основен буџет [637] со број 140010028063710,Сметка на основен буџет [631] со број 140010028063119, за наредната

седница на Владата, поради потребата истиот да се разгледа во присуство на претставник од Државниот завод за ревизија.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2024 година, со Финансиски план, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од обезбедување на дополнителни наменски средства за надомест на употребените ресурси во течно гориво за воздухопловите на Министерството за внатрешни работи за справување со кризната состојба и за поддршка на странските воздухоплови и посади и на друг странски персонал, како материјал за информирање, со следното укажување:

- Се задолжуваат Министерството за одбрана, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, да подготват и до Владата да достават информација во врска со моменталната состојба со употребени ресурси во течно гориво и потребата за дополнителни наменски средства за справување со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, со цел Министерството за финансии да подготви соодветна динамика на реализација.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии, преземените активности од институциите да бидат во рамките на предвидените средства со Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 88**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информација во врска со реализација на проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид милењето на Министерството за финансии, преземените активности од институциите да бидат во рамките на предвидените средства со Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во 2024 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 91

Владата го разгледа Извештајот за реализација на буџетските средства за 2023 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2023 – 2025 година, како материјал за информирање.

## Точка 92

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 93

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за состојбата по доспеани обврски од активни договори склучени како резултат на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година.

## Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за ИПА 2024 Годишната акциска програма, со текст на Финансиска спогодба и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Спогодбата за финансирање на ИПА 2024 Годишната акциска програма помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален ИПА координатор, да ја потпише Спогодбата за финансирање на ИПА 2024 Годишната акциска програма помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за здравство да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 2.160.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2025 година.

4. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 265.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2025 година.

5. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 250.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2025 година.

6. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 20.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2025 година.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 200.000 евра, распределен во три години, почнувајќи од 2025 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, дека кокорисниците на ИПА средствата за национално кофинансирање, треба соодветно да ги планираат потребните средствата во рамки на максимално утврдените лимити на расходи за соодветната фискална година.

## Точка 95

Владата ја разгледа Информацијата за престанување важење на Одлуката за давање на трајно користење на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со предлог-одлуки и прилози, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

2. Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

## Точка 96

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Калтрина Зеколи

Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник Стефан Волкановски, државен советник во Министерството за транспорт.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.6 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман бр.6 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Амандманот бр.6 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави.

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, да го потпише Амандманот бр.6 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави.

**Точка 98**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за зголемување на капиталот на Европската банка за обнова и развој со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок Секретаријатот за законодавство да го потврди усогласениот текст на истата.

**Точка 100**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 август 2024 година до 19 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 101**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 6 август 2024 година до 12 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот

за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 102**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 8 август 2024 година до 14 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 103**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 јули 2024 до 11 август 2024 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 104**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 август 2024 до 9 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 105**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 август 2024 година до 19 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Предлог - решение за изменување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој, ја усвои Информацијата и ги донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Решението за изменување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи Националниот совет за развој, да се дополни и со член од Министерството за дигитална трансформација.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |